**ЗАПИСНИК**
**од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 03.03.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Емилија Јаневска, м-р Арбен Саити, м-р Аргенд Џелили, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Дејан Георѓиев од РА Ват.

Г-дин Петрушевски ја отвори 12-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.02.2020 година.
2. Нацрт-упатство за лимитите за платено политичко рекламирање за изборите во 2020 година.
3. Информација во врска со Известувањето од АЕК бр.08-29 од 28.02.2020 година.
4. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски објасни дека поради технички причини односно краткото време за подготовка на записникот, оваа точка ја одложува за една од наредните седници.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Нацрт-упатството за лимитите за платено политичко рекламирање за изборите во 2020 година. Објасни дека со измените на Изборниот Законик што беа на неколку дена пред распуштање на Парламентот се

наметнува потреба да се донесе ова нацрт-упатство коешто е прилагодено на соодветните измени. Согласно претходните Изборните закони, и на претходните изборни процеси Агенцијата носела вакво упатство со кое се дефинира времето на ППР коешто го користат учесниците во изборниот процес. Со измените на овој Изборен Законик е предвидено радиодифузерите да имаат девет минути дополнително време за ППР, од кои четири минути ќе користат учесниците во изборите од власта, четири минути учесниците во изборите од опозицијата и една минута учесниците во изборите коишто немаа досега парламентарни групи во Собранието, односно независни листи. Согласно конкретната состојба, четирите минути наменети за позицијата, како учесници во изборниот процес, коишто на последните Парламентарни избори освоиле најмногу гласови ќе ги користат двете најголеми политички партии, тоа е на коалицијата на СДСМ и на ДУИ, а четирите минути наменети за најголемите политички партии во опозицијата како учесници во изборниот процес кои на последните Парламентарни избори освоиле најмногу гласови ќе се емитува ППР на најголемата опозициона партија. Додека преостанатата една минута, како што објаснил, ќе ја користат учесниците во изборите, односно политичките партии коишто немаат парламентарни групи во Парламентот или ако има независни листи. Ова нацрт-упатство предложи да биде усвоено веднаш по утврдување на учесниците во изборниот процес, односно по утврдување на изборните листи од страна на ДИК. Ако тогаш настанат некои други ситуации, теоретски да има премногу учесници како независни листи или има други ситуации, тогаш ќе мора да се прилагоди и таа минута. Ако има премногу учесници како независни листи или други вонпарламентарни партии, тогаш ќе треба да се направат ограничувања во таа една минута, затоа што ќе биде нелогично секој да користи по неколку секунди од таа една минута. Ќе треба да се направат ограничувања за да можат сите учесници во изборниот процес коишто спаѓаат во таа една минута да бидат рамномерно застапени и да можат да се претстават пред нивниот електорат. Во таа насока предложи јавната расправа да биде седум или осум дена, односно до следниот вторник или среда. 12-ти е рокот до кога партиите треба да поднесат кандидатури за потврдување на нивните листи до ДИК. Дваесет и четири часа ДИК има законска обврска да ги потврди. Ние веќе на 13 март ќе имаме потврдени учесници во изборниот процес и ќе може тогаш да го донесат конечното упатство, нормално прилагодено на таа ситуација којашто ќе биде потврдена од ДИК.

Г-дин Петрушевски рече дека за него она што го кажал директорот околу рокот на конечната верзија на упатството е прифатливо. Рече дека сега во дискусијата ќе остави простор и за другите работи што беа кажани во образложението и за она што го пишува во материјалите.

Г-дин Фетаи рече дека по образложението на директорот за нацрт-упатството, Советот начелно и принципиелно ќе го усвои вака како што е предложено засега. Но, ако се случат некои измени во однос на таа една минута која е предвидена за политичките партии кои немаат пратенички групи во Собранието, тогаш ќе се види во која насока ќе оди таа реорганизација.

Г-дин Трајчевски рече дека ако има три учесници, можеби и 20 секунди е доволно за да имаат ППР. Но, ако има имаа 10 учесници не може да имаат по шест секунди, тогаш ќе има ограничувања дека секој учесник ќе може секој нареден реален час, преку еден час да има ППР реално.

Г-дин Петрушевски констатира дека логично и разумно е прашањето што ќе прави со 5 секунди?

Г-дин Трајчев рече дека ќе се надоврзе на дискусијата на г-дин Фетаи. Важно е да се држат до Законот. Законот предвидел 45 проценти, 45 проценти и 10 проценти. Точно се утврдени часовите и не може тука ништо да се менува но може некое правило да се постави согласно ова упатство на кој начин, преку еден час, преку два часа, но тоа зависи од бројот на кандидати. Тоа сега не може да се предвиди од причина што не се знае какви ќе бидат листите. Рокот е 12 март. Во однос на употребата на упатството, има измени на Законот донесени во февруари и логично е, Агенцијата и Советот и претходно правеле упатство и го побарал упатството што го правеле за претседателските избори, таму ги регулирале правилата согласно во тој момент важечкиот Закон. Со оглед на фактот дека се направени измени, логично е да се адаптира упатството на направените измени, конкретно на членовите кои се изменети во месец февруари. Ова е нацрт верзија, може понатаму ќе има некакви предлози и соодветно по потврдување на листите, односно по поминување на рокот за предлози ќе се усвои.

Г-дин Фиданоски рече дека само сака да нотира односно да регистрира во предлогот разлика од тоа што го кажал г-дин Трајчевски со јавната расправа бидејќи во материјалот стои заклучно со 13-ти март. За да нема недоумици можеби треба да стои на 13-ти март до 24 часот, бидејќи се паѓа во петок, па потоа доаѓа викенд, така што хипотетички усвојувањето ќе биде на 16-ти март. Предложи да се коригира со 12-ти март за да може да се усвои на 13-ти март.

Г-дин Трајчевски рече дека за време на јавната расправа може да стигнат предлози. Ако стигнат предлози, ќе мора да ги разгледаат и да дадат образложение зошто ги прифаќаат или зошто не ги прифаќаат. Затоа најдобро е да биде јавната расправа до следната среда, осум дена, а следниот петок е 13-ти. Така да има време ако има предлози да се разгледаат.

Г-дин Фиданоски рече дека корекцијата е како што кажал г-дин Трајчевски да биде заклучно со 11-ти март, така да стои во предлогот.

Г-дин Петрушевски рече дека тоа ќе се коригира во предлогот, а тоа ќе стои и во одлуката.

Г-дин Петрушевски предлогот Советот на Агенцијата да го усвои Нацрт-упатство за лимитите за платено политичко рекламирање за изборите во 2020 година со текст како што е во материјалите, со една единствена измена дека јавната расправа ќе трае осум дена заклучно со 11-ти март 2020 година го стави на усвојување.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Нацрт-упатство за лимитите за платено политичко рекламирање за Изборите во 2020 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Нацрт-упатство да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во времетраење од 8 дена, заклучно со 11-ти март 2020 година, со цел да обезбеди јавна расправа и да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови, во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РС Македонија“ бр.184/13, 14/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20) и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со Известувањето од АЕК бр.08-29 од 28.02.2020 година. Објасни дека минатиот петок, пред седницата пристигна допис од АЕК. Во однос на тој допис се констатира од страна на АЕК, дека Радио Јон не емитува програма, за што Агенцијата и Советот беа исто така известени, и тој допис не претставува одговор на нашето барање колкава е процентуалната покриеност од страна на Радио Јон, односно дали најмалку 80% од населението е покриено со емитување програма од овој радиодифузер. Во текот на денешниот ден добивме допис од Радио Јон со којшто ги наведува предавателите и локациите и емитува програма од денес. Во неговиот допис тој укажува дека, согласно неговите пресметки има покриеност од околу 89 проценти. Направена е службена белешка од Секторот за информациски технологии и констатирано е дека во Скопје, на фреквенција на 96 мегахерци се емитува програма на овој радиодифузер, но не може Агенцијата да потврди дали она што е наведено во дописот од радиодифузерот дека има 89 проценти покриеност е навистина така. Веднаш денес по добиениот допис од Радио Јон е испратено барање до АЕК, во најкус можен рок да одговори дали информацијата дека има 89 % покриеност е точна. Понатаму, ако е точна, Советот да ја запре постапката, ако не е точна Советот да ја одземе дозволата.

Г-дин Петрушевски напомена дека Известувањето од АЕК бр.08-29 од 28.02.2020 година претставува само информација до Советот.

Г-дин Трајчев праша дали ова е продолжение на претходната седница или заврши претходната седница во петокот, затоа што претседателот на Советот ја прекинал?

Г-дин Петрушевски рече дека ја прекинал бидејќи немаше логика да се продолжи. Оваа точка сега е посебна.

Г-дин Трајчев рече дека прашал со оглед на тоа што тогаш имаше точка разно во оваа насока.

Г-дин Трајчевски рече дека сака нешто процедурално да каже. Неколку минути пред седницата стигнат е дописот од подносителот на иницијативата за одземање на дозволата, Радио Канал 77, кој што бара да биде поделен на членовите на Советот и да биде прочитан. Доставен е, но дали има сега услови да се разгледува или да се носи било каков став по тоа прашање, ќе се одлучува.

Г-дин Петрушевски рече дека сега не се во состојба за пет минути да го прочитаат и да го разберат тој допис, ниту денеска ќе носат одлука. Секако дека дописот од господинот Гаврилов ќе го земат озбилно за разгледување кога ќе ја носат одлуката. Така што сега нема други коментари.

Г-дин Трајчев рече дека не го погледнал дописот, дискутира за друго. Во однос на основаноста, негово мислење е дека има постапка за одземање на дозволата, ако не се лаже тоа е некаде во јануари со рок од 15 дена. Основот е по член 62 став 5 кој гласи дека „при обезбедување на телевизиско и радио емитување преку ограничен ресурс, како што се радио фреквенции или преносен капацитет на дигитален терестеријален мултиплекс на државно или на регионално ниво радиодифузерот е должен да обезбеди покриеност на сигналот од најмалку 80 проценти". По тој основ имаат сознанија дека не е покриен со сигнал со 80 проценти во покренатата постапка, направен е прекин поради немање информација од единствен надлежен орган кој што

може да врши мерење и притоа има информација дека нема никаква покриеност. Според него не емитување не е никаква покриеност. И сега, според него, во случајов кога нема покриеност, рокот од 15 дена е изминат, по тој член по кој што е започната постапката треба да се постапува. Негово мислење е дека немањето емитување програма е немање на покриеност.

Г-дин Петрушевски рече дека кога ќе носат одлука ќе имаат право сите да си го кажат своето мислење.

Г-дин Фиданоски рече дека дописот што денеска го добиле пред седницата непосредно во хартија од радиодифузерот, кај што ги информира дека обезбедил покриеност од 89%, ако добро чита, сега да не биде сфатен иронично или погрешно, наведени се општините со број на жители како од попис, како извадени од статистика со број на жители од 2002 година кога го имале последниот официјален попис. Никаде не стои каде се ставени предавателите, како што се запишани во дозволата и како што стои во регистарот на Агенцијата. Потсети, дали на пример кон Ѓавото и Битола на 96,4 MHz се слуша ова радио, кај Исар Штип на 96,6 Мрзенски Рид, Гевгелија 97.7 MHz; Стогово, Дебар 98.9 MHz; Кратово1, Кратово 99.3 MHz; Куманово, Куманово 99.3 MHz; Влајница, Гостивар 100.0 MHz; Душегубица, Кичево 102.2 MHz; Калиманци, Кочани 104.3; Дебарца, Охрид 105.0 MHz; Ѓуриште, Свети Николе 106.7 MHz; Страцин, Кратово 107.5 MHz; Буковик, Берово 107.6 MHz; Серта, Неготино 107.6 MHz. Треба да има предаватели на кои што ќе се слуша ова радио на овие фреквенции на територијата на државата. Ова што го имаат, според него е недоволно како известување, односно самото известување. Затоа, повторно нагласи дека итно е да се добие новото известување од АЕК, ако е возможно да се добие, дали тоа што го добиле како допис е исполнето и не само тоа, дали радиодифузерот го исполнил техничкиот елаборат којшто го поднел врз база на техничките параметри што ги добил од АЕК кога ја поднесувал документацијата за да ја добие дозволата, односно дали типот на предаватели и другата техничка опрема соодветствува на стандардите што се законски пропишани. Ако сето тоа е констатирано како исполнување може да констатираат после тоа дека радиодифузерот ги исполнил условите за кои самиот дал ветување во поднесената документација дека ќе ги исполни. За да нема дилеми, за него лично, откако е член на Советот, од почетокот се залага, и сега стои и во иднина ќе стои дека во оваа држава, во ова општество има потреба и секогаш ќе поддржи постоење на комерцијално државно радио кое доминантно ќе емитува програма на албански јазик. На тоа опстојува и ќе опстојува, но исто така рече дека со сиот респект кон секого, тој не ги дели луѓето на помалку и повеќе вредни, еднакви се пред него сите. Смета дека треба да се почитуваат законските прописи и да се исполнуваат критериумите што ги налага Законот. За него не е важно кој е сопственикот, важно е да постои такво радио врз база на дозвола што Советот ја доделил како регулатор.

Г-дин Петрушевски рече дека после дописот на АЕК ќе биде веќе појасно и ќе можат секој поединечно да заземат конечен став. Сега не може Советот да заземе став и затоа ова е информација во која нема никаков предлог.

Г-дин Трајчевски објасни дека Агенцијата е регулатор на содржина, а не регулатор на технички карактеристики. Дали го исполнува или не го исполнува елаборатот, АЕК доделува решение за користење фреквенции, ако не ги исполнува тие услови кои што треба, АЕК ќе му ги одземе. Значи никогаш овој регулатор не се занимавал со надлежности на друг надлежен државен орган, а тоа е секојдневна нормална активност на АЕК. Кај нас ако стигне допис дека има над 80 проценти е во ред ситуацијата, а ако не тогаш треба да се донесе одлука за одземање на дозволата,

со тоа што тој сѐуште до денес не знае дали тоа треба да биде еден ден или пет дена по добивањето на дописот.

Г-дин Трајчев процедурално, рече дали ќе биде еден ден или пет дена, не знае колку е тоа важно. Сега г-дин Петрушевски кажал дека немаат можност да се произнесат за информацијата, но смета дека а тоа и минатиот пат го кажал, претседателот треба да ја стави точката пред да истечат тие 15 дена од тој прекин и треба да се одлучи дали тој рок тече сега или не тече бидејќи не знае, битно треба да се одлучи. Неговиот став го кажал претходно и за него оваа ситуација е јасна, но ете нека проценат самите.

Г-дин Петрушевски рече дека кога ќе стигне дописот од АЕК најбрзо што е можно ќе ја стави точката на дневен ред. Тоа е неговиот моментален став и ќе се држи до него.

Г-дин Фетаи рече дека му е драго што тие како регулатор, како што кажал г-дин Фиданоски, во концепт претставува збогатување на медиумскиот простор и затоа Советот се одлучил на идејата која ја имале со години наназад да ја реализираат и добро е што некој со свои приватни средства сака да инвестира во медиумскиот простор. Кога има случаи за одземање дозвола поради тоа што, како што беше минатиот пат, не може да плати 7.000 денари радио од Струга, овие луѓе сериозно настапуваат со одредено задоцнување. Во таа смисла се согласува дека се регулатор кој треба да ја следи содржината на програмите, а не од техничкиот аспект за кој што е надлежен друг регулатор. Така е во Македонија поставено. Има држави каде што регулаторите се конвергирани, односно и техничкиот и содржинскиот дел на медиумите го следат. Добро е и го поздравува залагањето на овој радиодифузер во насока дека над 80% покриваат со сигнал. Стручно и единствено во Македонија, овластена организација која што ќе го констатира тоа, дали е 80 отсто или не е АЕК. Му честита на директорот Трајчевски што веднаш го препратил писмото до АЕК за да се констатира, само не морало да биде толку итно, затоа што нема да избега авионот или возот. Дали АЕК ќе прати допис за пет дена или 10, битно е дека од самите сопственици и од директорот на ова радио се информирани дека тие работат на модернизација итн. Навистина го загрижува, за прв пат во кариера откако е во регулаторот, да има случај од еден приватен радиодифузер, така не колегијално, без некаков респект да се однесува кон својот колега, радиодифузер кој исто така ќе инвестира, а особено кон нив како регулатор. Сега читал на ММС порталот за некаква коалиција... Жал му е, значи единствено радио кое постои од почетокот во Македонија, така несериозен човек кој го води тоа радио да нема почит ни кон регулаторот ни кон други, туку да гледа нелојална конкуренција. Се запраша што мисли тој, а и ние како регулатор, да им одземеме дозвола, кој ќе биде оштетен? Ќе бидат оштетени тие како луѓе коишто инвестирале и слушателите. Основната идеја на регулаторот е да им обезбеди програма на слушателите. Затоа смета дека Советот како регулатор во ниту еден момент не згрешил во оваа насока, што му овозможиле на радиото да опстојува, пред се да може слушателите да имаат уште една програма повеќе. Се потсети наназад, бидејќи како колеги заедно се веќе 10 години и имале прилика да одлучуваат за Телевизија А1, па Телевизија А2, па имало прилика кога тој покренал инцијатива на една од седниците и бил иницијатор исто така, дал предлог да се почитува член 10 од Законот за радиодифузна дејност во смисла на сопственичката структура. Тогаш се покрена постапка и имаше проблеми со две телевизии на државно ниво, иако со години, 20 години работеле и Канал 77, да ја уредуваат сопственичката структура. Во ниту еден момент не беше предлог, ако ги фатат дека не го почитуваат Законот, да им

се одземеме дозволата. Имаше шест месеци период за прилагодување, па понатаму Советот им даде услови ако има јавна функција да се повлече од неа итн. Затоа му е драго од еден друг аспект. Можеби и ова радио ќе банкротира како што други радија банкротирале но Советот и Агенцијата како регулатор ја исполниле нивната мисија да обезбедат уште едно збогатување со таа програма. Инаку програмските обврски што следат од нивната програмска шема службата секојдневно ќе ги следи, како што ги следи и сите останати. Плус во тоа радио има нова инвестиција и нови вработувања. Има чувство дека се дига толку тензија затоа што е загрозен монополот на еден човек. Тоа е неверојатно. Навистина, за прв пат во кариера се соочува со таков случај. Советот имал и други моменти, кога реагирале за говор на омраза, за надминување на лимитите за рекламирање, но дека еден колега е загрозен од друг колега досега немале таков случај.

Г-дин Фиданоски рече дека во нивните дискусии во изминатите нешто повеќе од пет години колку што се заедно во овој состав на Советот на Агенцијата, покажале висока свест дека имаат потреба да реагираат и да донесат одлука која ќе ја одразува реалноста во македонското мултинационално и мултикултурно општество и дека таа реалност пресликана во нивните обврски значи дека треба да егзистира, како што кажал претходно, меѓу другите и радиото кое ќе емитува програма на државно ниво и на кое доминантно ќе има програма на албански јазик. Ако добро се сеќава, рече дека ќе парафразира, првите години секогаш стоел заклучок во Програмата за работа на Агенцијата дека тогаш кога ќе се создадат технички услови Советот ќе отвори конкурс на кој ќе се додели таква дозвола. Техничките услови беа да се ослободи фреквенција на територијата на Скопје, кои тогаш беа зафатени. Тогаш кога се ослободи фреквенцијата од тогашното Радио Слободна Македонија Советот го спроведе конкурсот и тоа не е спорно. Меѓутоа, нивна обврска е да постапуваат по Закон и да ги спроведуваат законските прописи и критериуми. Покрај другото, искрено рече за кое можеби ќе се согласат колегите, Советот покажал доста флексибилност по ова прашање. На 30 април минатата година е издадена дозволата на радиото, заедно со одложувањата што го побара, некаде на 31 октомври требаше да стартува со работа или на 1 ноември 2019 година. Оттогаш наваму има поминато скоро половина година, и повторно нема исполнетост на програмата. Рече дека искрено посакува да ги надмине проблемите овој радиодифузер, да си ги среди сите обврски или работи што треба да си ги среди и што поскоро да почне да емитува програма поради која ја има добиено дозволата од Советот.

Г-дин Фетаи му се обрати на г-дин Фиданоски и му рече дека радиото емитува програма и да го погледне документот дека веќе покрива 89% со сигнал од територијата на државата.

Г-дин Фиданоски рече дека тоа не е спорно, го гледа по број на општини, но не ги гледа по мегахерци. Дали ги има тоа ќе се види од документот што АЕК ќе го достави до Агенцијата. Искрено посакува тој допис да го добијат час поскоро и ќе се радува на тоа. Советот мора да постапува по Закон и да ги заврши работите така како што ги поставиле и никако поинаку.

Г-дин Петрушевски рече дека се надева и посакува во текот на оваа година, а најдоцна наредната година, кога ќе биде избран нов состав на Советот, кога тие ќе си заминат, на тој ден ова радио да работи и ќе си замине задоволен од тука. Во текот на оваа година, а уште пореално во мај 2021 година очекува да биде избран новиот состав на Советот на Агенцијата и да си заминат од тука со тоа што радиото ќе работи и тогаш навистина ќе биде оваа мисија исполнета.

Г-дин Фетаи рече дека има чувство дека колегите имаат чувство дека Советот некако го прекршува Законот. Се изјасни дека тој такво чувство нема и рече дека во ниту еден момент не го прекршиле Законот. Радио ЈОН да напишале во барањето дека ќе почнат со работа после една година, Советот пак ќе им доделеше дозвола. И после две години исто. Но тие бараа само три месеци да им се продолжи рокот. Сега тие велат дека покриваат 89% од населението. Ова писмо за него е голем аргумент. Рече дека според него проблемот е како ќе имаат чиста совест ако од АЕК одговорат дека покриваат 79,5 отсто. Рече дека во тој случај ќе го поддржи затоа што законски е 80%, но ќе има чувство дека кон тие луѓе направил неправда затоа што тие инвестирале, не знае колку пари, година дена се мачат. Тие не прават сега нешто андерграунд, тие сакаат да отворат радио и навистина се мачат околу тоа. Изрази желба навистина да е точно тоа што тие го напишале во дописот и сите ќе бидат среќни. Можеби е загрижен во однос на тоа дали ќе ја исполнат програмската обврска за којашто се отворени, а не дали ќе имаат 79 или 82 отсто. Идејата му е нивната програмска содржина да го збогати медиумскиот простор, за кој со г-дин Фиданоски се залагаат. Заедно имале поддршка и затоа не гледа дека нешто е драстично.

Г-дин Трајчев рече дека се согласува со тоа што го кажал г-дин Фиданоски дека е потребно да има такво радио, дека Советот секогаш кажувал дека е добро да има радио и на албански јазик кое ќе се емитува на радио фреквенција и тука нема ништо спорно во заложбата како Совет. Го поддржуваат тоа и се согласуваат дека во државата треба и припадниците на албанската заедница да имаат можност на својот јазик да слушаат музика и тоа е во ред. Тоа го дискутирале многу пати. Но, тука дискутираат за Закон. Човекот којшто решил да влезе во овој бизнис со свои финансиски средства, познавајќи ја состојбата со Законот, како е определено, потребите, условите коишто ги налага Законот, тоа што го дал во постапката знаел дека треба да ги исполни. Ги знаел роковите коишто ги дал самиот. И тука нема дилема. И тој посакува тоа да не биде така, но едноставно Советот е во позиција во која мора да го почитува Законот. Неговиот став во однос на тие 80% ги кажал. За него немањето на сигнал е не исполнување на проценти. Не сака да се повторува, не е тоа дека тој сака така да биде, но тоа едноставно се фактите кои што го кажуваат и постапката којашто ја покренал Советот. Не е погрешно да се разберат меѓу нив како членови, нешто против некого лично или било кого немаат, едноставно го гледаат Законот како што е поставен.

Г-дин Петрушевски рече дека секогаш имало демократија помеѓу нив и секогаш го давале своето мислење. Никогаш не вршеле притисоци сите 7 членови да имаат исто мислење.

Г-дин Фиданоски рече дека сакал да се искаже онака како што ја завршил г-дин Трајчев неговата дискусија. Апсолутно не сака да биде разбран дека тој лично има против некого нешто. Исто како што тој разбира дека другите немаат против него ништо лично и сака принципиелно да дискутираат. Нагласи, ако имаше некој од нив против или рече дека лично ќе зборува, тој немаше да даде поддршка кога ја доделувале дозволата. Едногласно, со чист разум и со чисто срце ја дал таа поддршка и сѐуште стои на тоа дека има потреба од такво радио во државата, во нашето општество. Второ, се согласува со г-дин Фетаи, потребата за исполнување на програмскиот концепт после тоа е поважно и Агенцијата и Советот внимателно ќе следат дали се исполнува затоа што тоа значи збогатување на медиумскиот пејзаж. Трето, ако лично се прашува, но не е во позиција да биде прашан, би ги олабавил и законските критериуми и услови за доделување дозвола за секој оној којшто е

сериозен инвеститор и може тоа да го оствари, се разбира согласно лимитите што ги има една држава. Фреквенциите се национално богатство и лимитирани се, не се бесконечни. Има и еден друг начин за добивање дозвола, се очекува, се надева дека тоа и кај радиото ќе оди, преку дигитализација па да има неограничен ресурс. Сепак, тоа што го кажал г-дин Трајчев и кај него остава едно размислување, Советот мора исто така да внимава на Законот. Тие се законските критериуми и така стојат. Како што кажал колегата Трајчев, кога радиодифузерот бил кандидат и ја поднел листата бил свесен дека тоа е тоа како критериум и дека треба да се исполни. Искрено рече дека Советот покажа голема флексибилност, влегле во положба за тоа каква е реално состојбата на терен и се уште го тераат тоа како процедура. Повторно рече дека искрено очекува дека сите проблеми ќе се надминат, сите состојби ќе се надминат и на крајот дека ќе проработи радиото без дилема. Сигурен е, како што досега било пракса, од одлуките на Советот ќе има по некој незадоволен, некои од нив тоа ќе си го констатираат во себе, некои ќе одат чекор понатаму и ќе поднесат тужби до судските инстанции за нивните одлуки. На крајот нагласи дека Советот мора да има еднакви аршини кон сите радиодифузери односно сите што сакаат да работат во овој бизнис.

Г-дин Петрушевски им заблагодари за дискусијата. Рече дека треба да почекаат, не треба да брзаат со заклучоци се додека не ги добијат фактите од надлежната институција и тогаш најбрзо што може веднаш ќе ја закаже седницата. Кога ќе ја добијат информацијата, тогаш ќе дискутираат уште еднаш. Дискусијата што сега ја отвориле не е сѐуште затворена, и ќе ја повторат. Објасни дека има уште работи за дискутирање, што денеска не ги дискутирале и ќе ги отворат тогаш. На крајот има се заблагодари за обемната дискусија за сите точки и ја затвори седницата.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-936/3**
**22.04.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**